# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 3, година XLIII
Понеделник, 19.03.2012
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( "Службен весник на Р.М" бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола ( "Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.03.2012 година донесе

### З А К Л У Ч О К
### за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2011 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-06/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2011 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/2002) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 15. 03. 2012 година, донесе

## З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2011 ГОДИНА

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година се состои од:

| Планирани | Реализирани |
|---|---|

**– Вкупно приходи 1.368.764.681,00 денари 1.158.732.241,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 425.953.486,00 денари | 302.273.781,00 денари |
| Неданочни приходи | 78.164.214,00 денари | 18.785.924,00 денари |
| Капитални приходи | 82.630.000,00 денари | 62.018.499,00 денари |
| Трансфери | 65.062.325,00 денари | 119.262.806,00 денари |
| Дотации | 605.582.645,00 денари | 597.943.427,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 79.931.440,00 денари | 50.548.571,00 денари |
| Донации | 31.440.571,00 денари | 7.899.233,00 денари |
| Пренесено салдо од 2010 година | 81.091.308 ,00 денари | |

**– Вкупно расходи 1.368.764.681,00 денари 1.112.901.454,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 1.367.664.681,00 денари | 1.112.308.832,00 денари |
| Резерви | 1.100.000,00 денари | 592.622,00 денари |

**– Салдо на 31-12-2011 година 45.830.787,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Основниот Буџет во износ од **27.410.851,00 денари** се пренесува како приход на основниот буџет на Општина Битола за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Дота-

ции во износ од **6.456.823,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на Општина Битола за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Самофинансирачки активности во износ од **8.602.012,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Донации во износ од **3.361.102,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Битола за 2012 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година се објавува во Службениот гласник на Општина Битола.

Бр.07-06/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2011 година

1. Го објавувам Решението за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2011 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.03.2012 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2011 година

1. УСВОЈУВА Годишниот извештај на Општината Битола за 2011 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-06/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Опертивен план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија „Мегленци“ ,дивите депонии и ѓубриштата на град Битола за 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Опертивен план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија „Мегленци“ ,дивите депонии и ѓубриштата на град Битола за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За усвојување Опертивен план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија „Мегленци“ ,дивите депонии и ѓубриштата на град Битола за 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Опертивен план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија „Мегленци“ ,дивите депонии и ѓубриштата на град Битола за 2012 година.

2. Покрај во градот да бидат опфатени и дивите депонии во потпелистерските села во процесот на дератизацијата, а додека дезинсекција да се изврши и во сите клучни места кои се можни лежишта на комарци и други инфекции (штали, водотеци на Р. Драгор) и сл

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-06/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Превентивен план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Превентивен план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Превентивен план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Превентивниот план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-06/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2012 година

1. Ја објавувам Програмата за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2012 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 37/07, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2012 година

**Вовед**

Годишната програма за изработување на урбанистички планови во Општина Битола во 2011 год. претставува основа и рамка за пристапување кон изработка и спроведување на постапка за донесување на урбанистичките планови, согласно со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 60/11)

Предмет на годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето се плановите од член 7 точка 2, алинеи 2, 3, 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-Пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 60/11) односно: Генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, државна урбанистичка планска документација, локална урбанистичка планска документација и плановите од член 13а од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 60/11) односно урбанистички план за една градежна парцела.

Програмата ги опфаќа следните планови:

### ***I. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (ГУП)***

**I-1. ГУП БИТОЛА (делови од ГУП) кои се во постапка за донесување:**

I-1.1 ГУП Битола - урбан опфат „Баир Битола“ (82.00 ха), во фаза нацрт план

I-1.2 ГУП на град Битола - урбана четврт Довлеџик фаза, нацрт план

**I - 2. ГУП - делови за кои се јавува потреба од отпочнување на постапка за донесување:**

I -2.1 ГУП за град Битола

***II ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ (ДУП)***

**II-1. ДУП кои се во постапка за донесување:**

II-1.1 ДУП за Цен.Гр.Подр. 1.дел - урбана четврт„1“ (16.80 ха)
фаза, предлог план

II-1.2 ДУП за Цен.Гр.Подр. 1 дел - урбан блок „2“ фаза, нацрт план

II-1.3 ДУП за Цент.Гр.Подр. 2 дел - Урб. блок „5 и 6“ (2.80 ха) фаза, нацрт

II-1.4 ДУП за Цен.Гр.Подр. 3 дел - блок „10 и 16“ (4.0 ха) фаза, предлог план

II-1.5 ДУП за Цен.Гр.Подр. 4 дел - блок „7“ (1.9 ха) фаза, предлог план

II-1.6 ДУП за Цен.Гр.Подр. 5 дел - урбан модул „1“ (4.80 ха) фаза, нацрт план

II-1.7 ДУП за Цен.Гр.Подр. 5 дел - урбан модул „3“ (1.50 ха) фаза, нацрт план,

II-1.8 ДУП за Цен.Гр.Подр. 5 дел – Блок 4 (1.0 ха) фаза, нацрт план

II-1.9 ДУП за Урб. единица бр. 5 - Урб. модул „2“ (1.90 ха) фаза, нацрт план

II-1.10 ДУП за Урб. единица бр. 5 - Блок 5 (3.15 ха) фаза нацрт план

II-1.11 ДУП за Урб. единица бр. 5 - Блок 6 (5.5 ха) фаза нацрт план

II-1.12 ДУП за Урб. Единица 6 и 7 Урбан модул 4 (3,7 ха) фаза нацрт план

II-1.13 ДУП за Урб. Ед. бр. 8 - Урб. модул „2“ (2.50 ха) фаза нацрт план

II-1.14 ДУП за Урб.Ед. бр. 8 - Блок 6 (3.40 ха) фаза нацрт план

II-1.15 ДУП за БЛР 1 дел - Урбан блок 2 (3.20 ха) фаза, нацрт план

II-1.16 ДУП за БЛР 1 дел - блок 4 (4.70 ха) фаза, нацрт план

II-1.17 ДУП за БЛР 2 дел - урбан модул „2“ (1.50 ха) фаза, предлог план

II-1.18 ДУП за БЛР 3 дел - урбан модул „1“ (2.9 ха) фаза, нацрт план

II-1.19 ДУП за Стрчин - Урб. блок „1“ (4.67 ха) фаза, нацрт план

II-1.20 ДУП за Стрчин - Урб. блок „2“ (2.40 ха) фаза, предлог план

II-1.21 ДУП за Стрчин - Урб. блок „3“ (1.80 ха) фаза, нацрт план

II-1.22 ДУП за Стрчин - Урб. блок „4“ (9.53 ха) фаза предлог план

II-1.23 ДУП за Стрчин - Блок „5“ (3,00 ха) фаза нацрт план

II-1.24 ДУП за Стрчин - Блок „6“ (3,00 ха) фаза предлог план

II-1.25 ДУП за МЗ Даме Груев - урбан модул „2“ (1.20 ха) фаза, нацрт план,

II-1.26 ДУП за МЗ Даме Груев – Блок „17“ (3,7 ха) фаза, предлог план

II-1.27 ДУП за Блок 3 (3.20 ха) фаза, предлог план

II-1.28 ДУП за Блок 4 (0.75 ха) фаза, нацрт план

II-1.29 ДУП за Блок 21 (1.02 ха) фаза, нацрт план

II-1.30 ДУП за Г. Оризари - Урб. блок „3“ (2.80 ха) фаза нацрт план

II-1.31 ДУП за Градска работна зона јужно од патот Битола с. Новаци (26.23 ха) фаза нацрт план,

II-1.32 ДУП за дел од Градска работна зона северно од патот Битола с. Новаци (9,00 ха) фаза предлог план,

II-1.33 ДУП за Карпош 2 (12.0 ха) фаза, нацрт план (дел од приоритетна програма на Влада)

II-1.34 ДУП за Буковски ливади 2 дел-Блок 1 фаза, предлог план

II-1.35 ДУП за Буковски мост сервиси и мало стопанство 1 дел - Блок 1 (3.3 ха) фаза предлог план,

II-1.36 ДУП за Индустриска зона „Блок Битолатекс“ (16.0 ха), фаза предлог план

II-1.37 ДУП за Индустриска зона „Блок Млекара“ (13.50 ха) фаза предлог план,

II-1.38 ДУП за Јени Маале 2 дел Блок „1“ (6,15 ха) фаза нацрт план,

II-1.40 ДУП за Урбана четврт Француски гробишта Блок „1“ (22 ха) фаза предлог план,

II-1.41 ДУП за Спортско рекреативен комплекс – Св. Арангел, (16,0 ха) фаза предлог план,

II - 1.42 ДУП за Тумбе кафе Блок 1, (3,0 ха) фаза предлог план,

II-1.43 ДУП за ГП 1.1 за изградба на антенски столб, (240 м2) фаза предлог план,

**II-2. ДУП за кои се донесени одлуки за отпочнување постапка за донесување:**

II-2.1 ДУП за Цен.Гр.Подр. 1 дел - Урбан блок „1“ (2.40 ха)
II-2.2 ДУП за БЛР 1 дел - блок 5 (3.00 ха)
II-2.3 ДУП за Урб. единица. „Баир 1“ (29.00 ха)
II-2.4 ДУП за Урб. единица. „Баир 2“ (28.00 ха)
II-2.5 ДУП за Урб. единица. „Баир 3“ (25.00 ха)
II-2.6 ДУП за Урбана четврт Локалитет Француски гробишта Блок 2 (6.00 ха)
II-2.7 ДУП за ЦГП 2 дел Блок 7 (2.7 ха)
II-2.8 ДУП за СЗ Девеани Блок 1“ (3.3 ха)
II-2.9 ДУП за Буковски мост Блок 1“ (0,7 ха)
II-2.10 ДУП за Источна индустриска зона Жито Битола и Транскоп (16,00 ха),
II-2.11 ДУП за МЗ Г. Оризари 2 дел Блок 1“ (34.0 ха)
II-2.12 ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола (16.55 ха)
II-2.13 ДУП за дел од градска работна зона Грегов Бунар Блок 1, (3,0 ха)
II-2.14 ДУП за Центр. Градско подр. 1 дел Блок 1, (2,2 ха)
II-2.15 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 1, (2,20 ха)
II-2.16 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 4, (3,0 ха)
II-2.17 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 12, (3,5 ха)
II-2.18 ДУП за Центр. Градско подр. 3 дел Блок 7, (2,5 ха)

**II-3. ДУП за кои се јавува потреба од отпочнување постапка за донесување**

II-3.1 ДУП за Цент.Гр.Подр. 1.дел - (Без Урб. четврт „1„; како и урб.мод. „1“ и „2“) (5.80 ха)
II-3.2 ДУП за Цент.Гр.Подр. 2. дел - (Без урб.мод. „1“ „2“ „3“ „4“ „5“ и „6“) (11.50 ха)
II-3.4 ДУП за Цент.Гр.Подр. 5. дел - (Без урб.мод. „1“ „2“ „3“ и „4“)
(18.00 ха)
II-3.5 ДУП за слоб. екон. Зона „Терминал“ урб.четврт „1“ и „2“ (32,00 + 35,00 ха)

**III *<u>УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО (УПС)</u>***

**III-1. Урбанистички Планови за Село (УПС) кои се во постапка за донесување:**

III-1.1 УПС за с.Долно Оризари (168.0 ха)

**III-2. Урбанистички Планови за Село (УПС) за кои се јавува потреба од отпочнување постапка за донесување**

III-2.1 УПС за с.Брусник
III-2.2 УПС за с.Ниже Поле
III-2.3 УПС за с.Буково
III-2.4 УПС за с.Крклино
III-2.5 УПС за с.Поешево
III-2.6 УПС за с.Маловишта
III-2.7 УПС за с.Карамани
III-2.8 УПС за с.Трн
III-2.9 УПС за с.Ореово

**IV. *УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ)***

**IV-1 УПВНМ кои се во постапка за донесување**

**IV-**1.1 УПВНМ за „Стоп. Комплекс пат Битола-Бистрица“ (1.65 ха) Фаза предлог план
**IV-**1.2 УПВНМ Крклинско патче „КЛУЧКА“ Кукуречани (0,36 ха) Фаза нацрт план
**IV-**1.3 УПВНМ за стопански комплекс м.в. Воденица, КО Крстоар-Општина Битола (0,22 ха) фаза нацрт план
**IV-**1.4 УПВНМ Споменичен комплекс со придружни објекти на дел од КП 15 КО Лажец покрај магистралниот пат М5 Битола-Меџитлија општина Битола (9,0 ха) фаза нацрт план
**IV-**1.5 УПВНМ Стопански комплекс м.в. „Калдрма“ (2.0 ха)
фаза нацрт план
**IV-**1.6 УПВНМ Силоси за жито м.в. Братиндолска река, КО Братиндол (1.35 ха) фаза нацрт план
**IV-**1.7 УПВНМ Крстосница Дихово (4,3 ха) фаза нацрт план
**IV-**1.8 УПВНМ Терени за голф, Братиндол, Магарево и Ротино (140 ха)

Фаза предлог план (дел од приоритетна програма на Влада РМ)

**IV**-1.9 УПВНМ туристичка населба „Нижеполе“ (20 ха) фаза нацрт план (дел од приоритетна програма на Влада на РМ)

**IV-2 УПВНМ за кои се поднесени барања за отпочнување на постапка за донесување**

**IV**-2.1 УПВНМ повекенаменска зона за производство и сервисни дејности на КП 1347/1 КО Крклино, Општина Битола

**IV**-2.2 УПВНМ за стопански комплекс „Тајрови Лозја“ КО Крклино Општина Битола

**IV**-2.3 УПВНМ м.в.„Шералти,“ КО Битола - Општина Битола (2 ха)

**IV**-2.4 УПВНМ „Долга Ливада Нижеполе“ Општина Битола

**IV-3 ЛУПД надвор од населено место кои се во постапка за донесување (Г класа на намени)**

**IV**-3.1 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г на КП 496 м.в. „Бенгица“ КО Логоварди, Општина Битола,

**IV**-3.2 ЛУПД за КП Бр. 148 м.в. „Меѓудрум“ КО Раштани,

**IV**-3.3 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 на КП Бр. 594/2 м.в. Кутлина КО Крстоар, Општина Битола

**IV**-3.4 ЛУПД за дел од КП 883/76 м.в. „Село“ Г. Оризари – КО Горно Оризари Битола

**IV**-3.5 ЛУПД за изградба на стопански објект за производство на минерална вода и јаглероден двооксид на дел од КП 221/3 м.в. „Брборник“ КО Трн Општина Битола,

**IV**-3.6 ЛУПД за изградба на стопански објект со Г класа на намена на КП 4537 и КП 4540 м.в. „Гарван“ Кукуречани “

**IV**-3.7 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 на КП 247/2 м.в. „Ограде“ КО Крстоар Општина Битола,

**IV**-3.8 ЛУПД за изградба на џамија на КП Бр. 2297 КО Лажец, Општина Битола,

**IV**-3.9 ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија на КП Бр. 825/1 м.в. ПРЕСЛАП КОРаштани, Општина Битола,

**IV**-4.10 ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија на КП Бр. 731 м.в. Вац Лозје, КО Братин Дол, Општина Битола

**V. Изработка на урбанистичко плански документации согласно чл. 20 став 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011)** Општината е должна да донесе урбанистичка планска документација за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планската документација.

**VI. Изработка на Урбанистички планови согласно Чл. 13-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (Сл. весник на РМ Бр. 60/11)**

***VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА***

Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 17 став (3) и (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (Сл. весник на РМ Бр. 60/11), се врши од средства на:

- Буџетот на општината;
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината;
- За изработување на урбанистички планови со кои се реализираат проекти од значење за Републиката и општините, Владата на Р. Македонија донесува Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови. Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 16 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (Сл. весник на РМ Бр. 60/11), изработката на урбанистичките планови од оваа програма се финансира од Буџетот на РМ или од Буџетите на општините.

***VIII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА***

Реализаторот на програмата ќе поднесе извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## *IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Во текот на годината, зависно од потребите програмата може да се менува и дополнува.

Реализацијата на програмата ќе биде со динамика согласно со приливот на средства, наведени во предходниот дел.

Изработување на урбанистичките планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 18 став (1) Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст (Сл. весник на РМ Бр. 60/11,).

Заради економски развој на општината одредени планови можат да се донесат во постапка, пропишана во членот 24а ставови 2, 3, 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст („Сл. весник на РМ“ Бр. 60/11,).

За реализација на оваа програма ќе се грижи Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина во соработка со Партиципативното тело и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.

Примерок од Програмата ќе се достави до Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот, Министерство за заштина на животна средина и просторно планирање, и Управа за заштита на културното наследство на Р.М.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-06/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година

1. Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), а во врска со член 83 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.17/11), Советот на Општина Битола, на седницата одржана на ден 15.03.2012 година донесе

### ПРОГРАМА
### за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година

1. Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2012 година („Службен гласник на Општината Битола“ бр.18/2011) се врши следното дополнување:

Во главата Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште

1. ГРАДСКИ РЕОН после износот од 6.000 ден. во нов ред се додава:

„Сите објекти во Индустриската зона „Жабени“ Битола ќе се пресметуваат со 5% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во износ од 3.150 ден./м2.

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-06/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на КК „Пелистер-Спорт“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на КК „Пелистер-Спорт“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на КК „Пелистер-Спорт“ - Битола

**Член 1**

На КК „Пелистер-Спорт“ - Битола му се доделуваат 150.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Се задолжува КК „Пелистер-Спорт“ да достави повратна информација за тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-06/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на З.Г. РК „Пелистер-08“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на З.Г. РК „Пелистер-08“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на З.Г. РК „Пелистер-08“ - Битола

**Член 1**

На З.Г. РК „Пелистер-08“ - Битола му се доделуваат 500.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Се задолжува З.Г. РК „Пелистер-08“ да достави повратна информација за тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-06/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за „Урбана четврт - Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за „Урбана четврт Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.03.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-355/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.03.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 15.03.2012 година донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за ,,Урбана четврт - Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на ДУП за „Урбана четврт –Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола.

**Член 2**

Границите на ДУП за „Урбана четврт – Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола се: на северозапад осовина на крак од магистрална улица за Долно Оризари, на југ осовина на магистрална улица Новачки пат, на исток магистрален пат М5, Е65 обиколница Битола и на запад граница на наменска зона Индустрија и поголеми стопански субјекти (согласно ГУП на град Битола)

Опфатот на овој Урбанистички План има површина од 14.00 ха

**Член 3**

ДУП за „Урбана четврт –Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

ДУП за „Урбана четврт –Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола се заверува со потпис и печат од доносителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-06/12
15.03.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г. , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 и 2/02) и тоа:
во член 5, Сектор за правно нормативни , административни и општи работи, Одделение за административни и општи работи, по работното место „ 8. Раководител на одделение за административни и општи работи„ се додава ново работно место „8а Организирање и кординирање на помошно – техничките работи„ кое гласи:

„8а. **Назив на работното место**: **Организирање и кординирање на - помошно техничките работи**

**Звање**: помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението
**Цел на работното место:** Спроведување на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението во согласност со општите упатства на раководителот на одделени и под негов надзор

**Главни работни должности:**

- врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението, а кои се однесуваат на организирање и кординирање на работи во врска со изготвувањето на распоредот на возачите, одржувачите на хигиена, портирите и другитете работни ативности кои ги вршат вработени кои вршат помошни и технички работи за државната служба а немаат статус на државни службеници,;
- прибира податоци неопходни за следење на состобата на возилата, потрошувачката на бензин, осигурување, сервисирање на возилата и регистрација;

- следење на состојбата на потрошувачка на материјали за работа на бифето, за одржување на хигиената во зградата, и други материјали потребни за работа на помошниот персонал;
- учествува во реализацијата на проекти од областа за кое е надлежно одделението;
- помага при изготвување на документација за потребите на одделението; ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и
- врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението од надлежност на одделението.

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Биотехнички факултет
- Без работно искуство
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети: -работа со компјутери; способност за тимска работа;

**Број на извршители: 1“**

**Член 2**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

| **Р.бр.** | **Назив на работното место** | **Звање** | **Бр. на извршители** | **Вид и степен на образование** | **Работно искуство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 8а | Организирање и координирање на помошно техничките работи | Помлад соработник | 1 | - Со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Биотехнички факултет -работа со компјутери; -способност за тимска работа | Без работно искуство |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Битола”, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-03/1**
05.03.2012.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12), Градоначалникот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за избор на Директор на Основно училиште „Ѓорѓи Сугарев„
Битола

1. За Директор на ОУ „Ѓорѓи Сугарев„ Битола се избира **Загорка Јовчевска** со завршена ВСС Филозовски факултет – група историја со положен испит за директор во училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор расписша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – допис бр. 03-57/1 од 29.02.2012 г. и Одлука бр. 02-55/4 од 23.02.2012 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот **Загорка Јовчевска** со завршена ВСС Филозовски факултет – група историја со положен испит за директор во училиште, кој воедно беше и единствен пријавен кандидат.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 132 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината по предлог на Училишниот одбор.

Мандатот на Директорот трае 4 години , согласно член 128 од Законот за основно образование.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-3215/4-2011
07.03.2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2011 година ................................. 41

З А В Р Ш Н А С М Е Т К А НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2011 ГОДИНА........................................................ 42

Р Е Ш Е Н И Е за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2011 година ................................................ 43

З А К Л У Ч О К За усвојување Опертивен план и Програмата за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавната депонија „Мегленци“ ,дивите депонии и ѓубриштата на град Битола за 2012 година ...................... 44

З А К Л У Ч О К за усвојување Превентивен план и програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2012 година........... 45

П Р О Г Р А М А за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2012 година.................................... 45

ПРОГРАМА за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година ................................................ 49

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на КК „Пелистер-Спорт“ - Битола..................... 50

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на З.Г. РК „Пелистер-08“ - Битола..................... 51

О Д Л У К А за донесување на ДУП за „Урбана четврт - Локалитет Француски гробишта“ Блок 1 Општина Битола.............. 51

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола............................................................. 53

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Ѓорѓи Сугарев“ Битола............................................................. 55

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211